Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 11**

**11.07.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода – земјотрес што ја зафати Општина Демир Хисар на 21.05.2016 година**

1.Ја објавувам Одлука за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода –земјотрес што ја зафати Општина Демир Хисар на 21.05.2016 година донесена на 50- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 07.07.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-595/1** **Општина Демир Хисар**
**11.07.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**480.** Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.93/2012, 41/2014, 71/2016 и 106/2016), Одлуката за донесување на единствената методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди („Службен весник на РМ“ бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2005, 152/2010 и 90/2015 ) и член 15 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/2002, 4/2005, 7/2009, 16/2013 и 18/2014), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.07.2016 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –земјотрес што ја зафати Општина Демир Хисар на 21.05.2016 година**

Член 1

Се усвојува Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода –земјотрес што ја зафати Општина Демир Хисар на 21.05.2016 година.

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на општина Демир Хисар.

Елаборатот се доставува до Влада на Република Македонија, односно до Комисијата за процена и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди на понатамошна постапка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-569/3** **Претседател на Совет**
**07.07.2016 година** **на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2016год.**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2016година донесена на 50- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 07.07.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-595/2** **Општина Демир Хисар**
**11.07.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**481.** Врз основа на член 20, став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 199/2014, член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.07.2016 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2016год.***

**Член 1**

Во членот 1, по глава глава V, се додава нова глава VI, која се однесува на изработка на Урбанистичко-проектна документација, која согласно Законот се внесува во Годишната програма на општината за урбанистичко планирање. Под урбанистичко-проектна документација се подразбира Архитектонско урбанистички проект и Проект за инфраструктура. По точката 4 се додава нова точка која гласи:

1. Изработка измени и дополнувања на АУП за формирање на површини за градење, на ГП 1.1 од Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за опфат помеѓу улици: „Маршал Тито", „Партизанска", Новопланирана и граница со КП бр. 1819, КО Демир Хисар. Барањето е доставено од страна на ДООЕЛ НИМАЕР Струга д.е. Скопје, а на барање од ЈЗУ Психијатриска болница.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2016год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-569/4** **Претседател на Совет**
**07.07.2016 година** **на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за збратимување на општина Демир Хисар Р Македонија со Општина Балчова Град Измир Р Турција**

1.Ја објавувам Одлуката за збратимување на општина Демир Хисар Р Македонија со Општина Балчова Град Измир Р Турција донесена на 50- та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 07.07.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-595/3** **Општина Демир Хисар**
**11.07.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**482.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р Македонија бр.05/2002) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02, 4/05,7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 07.07.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За збратимување на општина Демир Хисар Р Македонија со**
**Општина Балчова Град Измир Р Турција**

Член 1

По предходно воспоставено партнерство за збратимување и непосредно одржани две возвратни средби на официјални делегации од двете Општини предводени од Градоначалниците се изврши меѓусебно збратимување на Општина Демир Хисар Република Македонија со Општина Балчова Град Измир Република Турција.

Член 2

Општините во понатамошниот период ќе ја продлабочуваат меѓународната соработка на културен и економски план.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-569/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**07.07.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода –земјотрес што ја зафати Општина Демир Хисар на 21.05.2016 година ----------------------------1
2. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП за општина Демир Хисар за 2016 година-------------------------------------2
3. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП за општина Демир Хисар за 2016 година-------------------------------------3

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**